СО ДИЈАЛОГ КОН **ЕУ**

# НИЕ ЗБОРУВАМЕ

Со овој прашалник се **опфатени 104** организации. Само **9** од организациите се дел од секторските работните групи.

## УЧЕСТВО НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ПРОЦЕСИТЕ ЗА КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

Средна оценка за познавањето на секторските јавни политики меѓу вработените во организациите е 3,32. Во најголем број одговори од организациите оценките се движат меѓу 3 и 4. Неопходно е да имаме предвид дека најголем број од организациите кои учествувале во прашалникот се организации кои се надвор од секторските работни групи.

**27 организации** учествувале во повеќе од 5 јавни консултации
**37 организации** учествувале 2 до 4 пати на јавни консултации
**11 организации** учествувале во консултација само еднаш додека
**23 организации** никогаш не учествувале во консултации.

Меѓу организациите кои учествувале во консултациите, најголем број организации **(55)** одговориле дека таквите консултации биле организирани од здружение на граѓани или од мрежа на граѓански организации.

**31 организација** одговориле дека биле дел од консултации организирани од страна на министерствата
додека
**28 организации** биле дел од консултации организирани од страна на општината/локалната самоуправа.

**23 организации** биле дел од консултации организирани од Владата на РСМ
додека
**22 организации** биле дел од консултации организирани од Делегацијата на ЕУ.

Најмал број организации биле дел од консултации организирани од страна на пратениците и Собранието на РСМ и од страна на СЕП.

Ако се навратиме наназад, се забележува тренд на зголемување на учеството на граѓанските организации во организирани јавни консултации:

**55 организации** одговориле дека биле дел од јавна консултација во 2019 година

**53 организации** биле дел од јавна консултација во 2018 година

**44 организации** биле дел од јавна консултација во 2017 година

**21 организација** биле дел од јавна консултација во 2016 година

**12 организации** биле дел од јавна консултација во 2015 година

**7 организации** во 2014 година

додека пред **2014 година само 8 организации** биле дел од јавни консултации организирани од кој било претходно наведен актер во општеството.

Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ за ТЕБЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA / ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Center for Civil Communications / Центар за граѓански комуникации

РЕАКТОР истражување во акција

ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ / CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES EUROTHINK